Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 14.03.2024 година, донесе

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Архивски знак 09/а 1701
Рок на чување Т
26.03.2024 г. Потпис

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештај за реализација на Годишната Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Годишна Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2023 година со архивски број 08-285/1 од 01.03.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-286/22
14.03.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател
Љупчо Најдовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
БР. 08-285/1
01.03 2024 ГОД.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 22 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр.5/02) и член 71 став 1 точка 10 од Статут на Општина Демир Хисар (Сл. Гласник на Општина Демир Хисар бр 03/02), Градоначалникот на Општина Демир Хисар го доставува до Советот на Општина Демир Хисар следниот:

**ИЗВЕШТАЈ**

**за реализација на Годишната Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2023 година**

Согласно одобрената од страна на АХВ и усвоена од Советот на Општина Демир Хисар, Годишна Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2023година, во текот на годината беа превземени мерки и активности за реализација. За реализација на Програмата беше спроведен јавен повик на кој беше избран изведувач-Ветеринарна амбуланта ЗЕБРА ВЕТЕРИНА, ДОО, од Демир Хисар со кој беше склучен договор, Рамковна спогодба во вредност од 200. 000, 00 денари со пресметан ДДВ.
По потпишувањето на договорот од страна на изведувачот во тековната 2023 година беа реализирани следните активности:

-Вкупно заловени се 25 кучиња на територија на градот Демир Хисар и населените места
-Вкупно кастрирани се 6 машки кучиња, а стерилизирани се 15 женски кучиња
-Вкупно еутанизирани 3 кучиња
-Вдомени се 2 кучиња , а останатите се вратени во реонот на заловување
-Тест за социјализација е извршен на 24 кучиња
-Извршена е вакцинација против беснило и дехелминтизација на 22 бездомно куче

При тоа кај заловените кучиња направени се набљудувања и преглед од ветеринар , лабораториско испитување на заразни болести , вклучувајќи и од болеста лајшманиоза кај здравите кучиња направен е медицински третман овариохистеректомија и орхиектомија , потоа се постоперативно сместени , вакцинирани и обележани со микрочип. Кучињата кои при испитувањата покажале знаци на агресивност и опасност по здравјето на лугето, како и разни заболувања од болести кои тешко се лечат се еутанизирани. Во 2023 год. не беа регистрирани каснувања од кучиња скитници.
Ова значи дека на територијата на Општина Демир Хисар ситуацијата се подобрува и сметаме дека контролата на популацијата на бездомните кучиња ќе биде значително подобра.

Активностите кои беа реализирани во 2023 година по ставки од тендерска документација прикажани се и во табелата што следи

| р.б. | Опис на услуга | Единечна мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Заловување на бездомни кучиња | број | 25 | 100,00 | 2500.00 |
| 2 | Идентификација и евиденција | број | 24 | 700,00 | 16800.00 |
| 3 | Транспорт до прифатилиште | број | 25 | 100,00 | 2500.00 |
| 4 | Карантински престој(набљудување и преглед од ветеринар) | број | 0 | 50,00 | 0 |
| 5 | Престој во прифатилиште | број | 25 | 2000,00 | 50000.00 |
| 6 | Лабораториско испитување | број | 25 | 700,00 | 17500.00 |
| 7 | Вакцинација | број | 22 | 650.00 | 14300.00 |
| 8 | Стерилизација | број | 15 | 1600,00 | 24000,00 |
| 9 | Кастрација | број | 6 | 700,00 | 4200.00 |
| 10 | Постоперативно сместување и нега | број | 17 | 500,00 | 8500,00 |
| 11 | Еутаназија и закопување на мртви кучиња | број | 3 | 700,00 | 2100.00 |
| 12 | Транспорт | број | 25 | 100,00 | 2500.00 |
| 13 | Тест за социјализација на опасни бездомни кучиња | број | 24 | 1000,00 | 24000.00 |
| 14 | Вкупно без ДДВ | | | | 168900.00 |
| | ДДВ 18 % | | | | 30402.00 |
| | Вкупно со ДДВ | | | | 199302.00 |

Изготвил : Тони Петровски-Комунален редар

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Никола Најдовски